# РАНОВИЗАНТИСКА НАБЉУДУВАЧКА (СТРАЖАРСКА) КУЛА „ПИРГО-КАЉ'НАТА" с. МОКРИЕВО - СТРУМИЧКО

**Д-р. Душко Цветанов**

НУ Завод и заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица

**Проф. Д-р. Трајче Нацев**

Професор на „Факултет за Образовни Науки" при Универзитет Гоце Делчев-Штип

**М-р Симона Јованова**

Завод и заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Апстракт

За прв пат, во 2011 - 2012 година беа извршени археолошки истражувања на локалитетот „Пирго-Каљ'ната ", кој се наоѓа југоисточно од селото Мокриево (Струмичко), кое лежи во подножјето на планината Беласица.

Станува збор за фортификационен објект – кула, која според начинот на градење, била изградена во доцната антика како фрурион, т.е. набљудувачница која го обезбедувала патниот правец Струмица - Сер. Ваквите доцноантички / рановизантиски тврдини кои лежеле покрај значајни патни правци и премини, биле делумно обновувани и ставани во функција и во средниот век. Сметаме дека оваа кула во с.Мокриево била употребувана од страна на Самуил и, најверојатно, тоа е тврдината Мацукион (Ματζούκιον) која ја споменува хроничарот Јован Скилица во походот на Василиј II во 1014 година.

Во 2023 година од страна на НУ Завод и Музеј Струмица се изготви проект за конзервација на оваа кула. Со реализација на овој проект ќе добиеме уште еден споменик на културата кој ќе биде презентиран пред поширококата јавност, поврзан со историските случувања во овој дел на Македонија, како во времето на доцната антика, така и во времето на Самоиловите војни и средновековието.

**Клучни зборови:**

Пирг кула, Струмица, Мокриево, Самуил, Мацукион

**Д-р. Душко Цветанов**

**М-р. Симона Јованова**

**Проф. д-р. Трајче Нацев**

# РАНОВИЗАНТИСКА НАБЉУДУВАЧКА (СТРАЖАРСКА) КУЛА „ПИРГО-КАЉ'НАТА" с. МОКРИЕВО-СТРУМИЧКО

Археолошкиот локалитет „Пирго-Каљ'ната" се наоѓа југоисточно од селото Мокриево, Општина Ново Село, во подножјето на планината Беласица, односно во крајниот југоисток на Р.Македонија. Станува збор за еден фортификационен објект – кула, која според начинот на градење, била изградена во доцната антика. Ваквите доцноантички / рановизантиски тврдини кои лежеле покрај значајни патни правци и премини, биле делумно обновувани и ставани во функција и во средниот век. Пирг кулата во с.Мокриево најверојатно била активна и во периодот на цар Самуил. Најголем дел од стручната јавност овде ја убицира тврдината Мацукион (Ματζούκιον) која ја споменува хроничарот Јован Скилица во походот на Василиј II во 1014 година.

Во подножјето на планината Беласица се одиграла една од најзначајните битки во првата половина на XI век, во Европа. На овој простор ги одмериле своите сили двете супериорни страни кои во преодниот период X-XI век опстојувале на Балканот. Овој настан има големо значење за светската историја, за подемот и падот на најмоќните средновековни европски империи. Битката кај Беласица (Клаидон), во непосредна близина на Струмица, на 29 јули 1014 година, е несомнено една од нив.

Речиси со сигурност можеме да ја оцртаме трасата по која се движел императорот Василиј II. По минувањето на Клучката Клисура и по влегувањето во Струмичкото Поле, патот продолжувал под падините на Беласица, го заобиколувал Моноспитовското Блато, кое претставувало голема природна препрека во централниот дел на полето. Оваа комуникација која поминувала покрај Беласица е доста ограничена, на север од самото Моноспитовско Блато, на југ од високите планински масиви на Беласица. По оваа траса се движеле ромејските војски предводени од Василиј. Поради ограничениот простор доаѓале во непосреден контакт со самите попатни тврдини, а со

тоа и до директни судири.[1] На овој потег, од Клуч до Струмица, денес има археолошки остатоци од поголем број на тврдини. Тоа се локалитетите: *Марково Кале* - с.Старо Коњарево; *Пирго* - с.Мокриево; *Св.Илија* – с.Мокреиво; *Китка – Мал Кајаси* - с.Банско; *Клисо* - с.Свидовица и *Падарница* - с.Куклиш (**fig.1**) Овие се тврдините кои досега ѝ се познати на стручната јавност.[2] Сите овие тврдини опстојувале во различни периоди, а, најверојатно, дел од нив имале активности и во периодот кој е предмет на ова истражување. Добро зачуваните доцноантички тврдини и помали фортификациони објекти биле делумно обновени и активирани во дефанзивниот систем на Самуил.




**Fig 1. Средновековни населби и тврдини во Струмичко**

Тврдината Мацукион која ја споменува Скилица, најверојатно се наоѓала на т.н. Подгорија, во подножјето на планината Беласица,[3] на потегот помеѓу селата Старо Коњарево и Банско, затоа што таа паднала под ромејска власт веднаш по Беласичката битка во 1014 година, додека тврдината Термица (с.Банско) останала неосвоена, според

[1] Цветанов, Д. 2014. „Средновековната патна мрежа во Струмичко (XI-XIV век)“, *Зборник на трудови*, Струмица: НУ Завод и Музеј Струмица, 149-150. fig.1.

[2] *Археолошка карта на Република Македонија II*, Музеј на Македонија-археолошки оддел, Скопје: МАНУ, 1996, 400 - 416.; Микулчиќ, И.148. *Средновековни градови и тврдини во Македонија.* Скопје: МАНУ, 313-315, fig. 148.

[3] За некои од „подгорските“ села може со сигурност да се потврди дека постоеле во овој период. Имено, за тоа зборуваат податоците од некои српски повелби од XIV век. Во нив се споменуваат селата Банско, Габрово, Борисово, Макриево, Мокрени и др., што не ја исклучува можноста дека тие постоеле и во поранешниот период: (Бранко Панов, *Средновековна Македонија том 3,* Скопје: Мисла, 1985, 149-168).

достапните извори, дури до крајот на 1015 година.

Убикацијата на Мацукион претставувала предизвик за голем број на истражувачи уште од крајот на XIX и почетокот на XX век. Поделеноста помеѓу истражувачите до ден денес го остава отворено оваа прашање. Дел тврдината ја убицираат кај денешното село Мачуково каде што имало и урнатини, оваа гледиште се темели на етимологијата на зборот Мацукион – Мачуково.[4] Додека поголе дел стојат на тезата дека сепак оваа тврдина се наоѓа во Струмичката Котлина, поточно кај с.Мокриево.

Од историскиот извор кој ни го приложува Скилица, дознаваме дека во оваа кампања на Василиј во Струмичкиот Регион паднала само тврдината Мацукион, додека тврдината Термица и самата Струмица вешто одолеале на ромејските напади. Фактот што кулата во Мокриево за која сметаме дека е тврдината Мацукион била осамена и без придружни дефанзивни елементи, со положба на доста благ терен, придонело таа многу лесно да биде освоена во оваа офанзива. А, останатите тврдини (Термица и Струмица) кои се наоѓале на патот на Василиј, одолеале на неговите напади бидејќи заземале доста недостапни положби, а воедно претставувале и комплексни крепости.

По смртта на Самуил, во 1014 година, на престолот доаѓа неговиот син Гаврило Радомир. За време на неговото едногодишно владеење, градот Струмица и поголем број тврдини од Струмичката Област сѐ уште се наоѓале во рамките на неговата држава. Кон крајот на 1015 година, кога власта ја презел Иван Владислав, императорот Василиј се обидел да ја освои оваа важна воено-стратегиска област. Тогаш тој го испратил во овој крај војсководецот-патрициј Давид Аријанит (Δαυίδ Αριανίτης) кој успеал да ја освои само тврдината Термица, блиску до Струмица, ...τό φρούριον Θερμιτζα κατονομάζεται[5]. Убикацијата на ова утврдување повеќе од еден век предизвикува интерес кај стручната јавност. За разлика од тврдината Мацукино за која има поголема поделеност, тврдината Тремица речиси сите истражувачи ја лоцираат над селото Банско (Струмичко).

[4] Денес Мацукион — Мачуково — Евзони, лежи 5 км југоисточно од Гевгелија. (Микулчиќ, И. 1996, 314).

[5] Локацијата на оваа тврдина со целосна сигурност не можеме да ја потврдиме, иако за оваа проблематика имаат пишувано повеќе историчари и археолози. Прв за тврдината Термица пишува бугарскиот историчар Васил Златарски, кој по значењето на името, ја убицирал тврдината над с.Банско, југоисточно од градот Струмица, во подножјето на Беласица, каде што и денес се наоѓаат остатоци од тврдина, а пак самото место тој навел дека се вика „Калери", а исто така во самата близина на оваа тврдина се наоѓа термата со топла вода: (Златарски, В. 1927. *История на българската държава през средните векове. Том I. История на Първото българско царство. Част II. От славянизацията на държавата до падането на Първото царство (852—1018)*. София: Наука и изкуство, 717; Микулчиќ, И. 1996, 313-315, fig.148).

Етимологијата на зборот Термица (Θερμιτζα) доволно зборува дека оваа тврдина се наоѓа во близина на термални извори.[6]

Немањето на археолошки истражувања на утврдувањата во Подбеласичкиот Регион претставуваше моментот кој недостасува околу убикацијата на тврдината Мацукион. За првпат, во 2011 - 2012 година, беа извршени сондажни археолошки истражувања на локалитетот *Пирго* (*Кањ'ата*) кој се наоѓа југоисточно од селото Мокриево коешто лежи во подножјето на планината Беласица.[7] Истражувањата беа предводени од археологот Зоран Рујак, со кој беше откриена и истражена една централна кула со маркантни димензии. До самата кула нема откриено други придружни објекти, но тоа досега не е воочливо поради густата вегетација и столетните дрвја кои се простираат на овој простор (**fig.2**).



**Fig 2. Археолошки истражувања на Пирг куклата - с.Мокриево (2011-2012)**

Нашите размислувања одат во насока на тоа дека во времето на Самуиловите војни, бранетиот простор околу кулата, најверојатно бил организиран со земјено-камено палисадна конструкција.[8]

Кулата е со квадратна основа, со димензии 10,65 на 10,65 метри. Ѕидовите се ѕидани во масивен емплектон, со огромни камења кои ги формираат самите лица на ѕидот и со полнеж со поситни камења и малтер. Дебелината на ѕидот е приближно 3

[6] Цветанов, Д.2022. *Средновековните тврдини во Југоисточниот Регион на Република Македонија (XI-XIV.век): функција, значење и временски рамки*, Струмица, 240.

[7] Етимолошки гледано, зборот „пирог" на грчки: *Πύργος*, во превод кула. Оваа месност помеѓу мештаните е именувана и како *Кањ'ата (Кале – Кула).*

[8] Рујак, З. 2022. Рановизантиска стражарска кула „Приго - Каљ'ната" Мокриево, *Зборник на трудови 70 години завод и музеј – Струмица*, 46.

метри. Дел од основата на кулата бил поставен на самата карпа, а нејзината најголема сегашна висинска зачуваност е околу 7 метри (**fig.3**). Таа до неодамна била многу посочувана од состојбата што ја имаме денес, имајќи го во предвид и податокот од месното население, дека оваа кула била каменолом од кој тие собирале камења со кои ги граделе нивните куќи, оградни, штали, воденици и др.



**Fig 3. Источно лице на Пир кулата во с.Мокриево**

Според должините на основата на кулата, можеме со сигурност да кажеме дека висината била најмалку двапати поголема од основата, некаде над 20 метри, а влезот се наоѓал на 5 – 6 метри од подното ниво. При подигањето на кулата и поставувањето на катната конструкција, користени се дрвени греди (кошаци) со квадратен или правоаголен пресек и димензии 0,20 x 0,20 метри или 0,20 x 0,25 метри за нивелација на катната конструкција и подобра еластичност на ѕидовите.[9] Исто така, треба да се назначи дека, според лежиштата на греди во внатрешноста на кулата, вертикалната комуникација помеѓу катовите била изведена со внатрешни скали кои биле изработени од дрво. Покрај катната конструкција, кулата поседувала и подрумска просторија чиј

[9] Цветанов, Д. 2022. 236; Рујак, З. 2022, 47.

под бил изведен од набиена земја (**fig.4,5**).



**Fig 4. Внатрешен изглед на Пирг - кулата - с.Мокриево**

Дебелината на самите ѕидови на секое наредно катно ниво се стеснувале од внатрешната страна најверојатно за околу 0,3 до 0,5 метри. Со оглед на нејзината масивност ако судиме според аналогиите, кулата во Мокриево била најмалку дупло повисока од основата и имала висина од најмалку 20-тина метри. Според тоа можеме да заклучиме дека кулата имала четири ката и подрумско ниво.

Причината за овие маркантни димензии на кулата е, како што рековме претходно, пристапниот терен. Оваа кула имала, пред сѐ, офанзивна функција, односно брзо да дејствува според потребите на самиот подгорски пат, кој е на околу 400 метри од кулата, а меѓу другото да одолее на напади, но не и во конкретниот случај кога Василиј нападнал со огромна војска.[10]

[10] Цветанов, Д. 2022, 236.



**Fig 5. Внатрешен изглед на Пирг кулата, со лежиштата за греди - с.Мокриево**

Со археолошките истражувања на кулата беа откриени скромни остатоци од движни наоди кои, сепак, дозволуваат да сметаме дека кулата имала определена улога сè до средниот век. За тоа сведочи наодот од глава на прстен во вид на антропоморфен штит за кој даваме широка датација во периодот XIV – XVI век, пронајден со истражувањата од надворешната страна на кулата.[11] Според Зоран Рујак, веројатно кулата била користена и во текот на доцниот среден век, а на тоа укажуваат и движните наоди, пред сè, фрагментот глеѓосана керамика, како и средновековното погребување откриено покрај неа.

Ваквиот тип на кули набљудувачница биле градени низ целата Римска империја, уште во првите векови на овој милениум. Нивната појава несомнено ја поврзуваме со лимесот на реката Дунав (**fig.6**).[12] Што се однесува до карактерот на кулата во с.Мокриево, нема никакво сомнение дека кулата е изградена во времето на доцната антика, односно рановизантискиот период. Се чини дека таа претставува дел од фортифициите изведени во времето на Јустинијан I. Ваквите фортификациони објекти кои лежеле покрај значајни патни правци и премини, биле делумно обновувани и ставани во функција и во средниот век. Сметаме дека оваа кула во с.Мокриево била употребувана од страна на Самуил и, најверојатно, тоа е тврдината Мацукион. Местоположбата на локалитетот *Пирго* – с.Мокриево се вклопува со историскиот извор

[11] Рујак, Р.2015. „Системот на одбранбени фортификации во Потбеласичкиот и Струмичкиот регион од времето на Самоиловите војни (X-XI век)“, *Самуиловата држава во историската, воено – политичката, духовната и културната традиција на Македонија,* НУ Завод и музеј Струмица, 167.

[12] Од I век од нашата ера, римските легии имале воени гарнизони во оддалечените провинции со цел да ги заштитат границите на Римската империја, на северната граница на бреговите на реките Дунав и Рајна. Постарите делови на Лимесот се состоеле од палисада со ров и бедеми. Првичните дрвени кули подоцна биле заменети со камени караули во средината на II век од нашата ера. Релјефот на Трајановиот столб во Рим дава оригинална реконструкција за изгледот на камените утврдувања. Со текот на времето во близината на овие одбранбени фортови се појавиле и цивилни населби.

кој ни е достапен за тврдината Мацукион.

По уништувањето на Самуиловата држава голем број на тврдини наполно и засекогаш исчезнале, како можни идни упоришта против ромејската власт. Оттука произлегува и веројатноста дека тогаш и тврдината Мацукион, која е предмет на ова истражување, била разурната. Кулата останала функционална со периодични прекини се до доцен среден век кога најверојатно била срушена од страна на Османлиските власти. Оттогаш за неа останале да сведочат само преданијата на месното население.



**Fig 6. Трајановиот столб (113 година), Римска граница на десниот брег на Дунав, стражари и караули со сигнал**

Дополнувајќи ги фактите кои одат во полза на ставот дека локалитетот Пирго, всушност, е тврдината Мацукион го посочуваме значењето на самото име. Од етимолошки аспект, значењето на терминот ματζούκιον е поврзано со значењето на ударните оружја или поточно со бздоганот (од гр. збор βαρδούκιον) кој можел и да се фрла. Истото би требало да важи и за ματζούκιον, кој ако не наполно идентичен, покажувал исклучително големи сличности со т.н. βαρδούκιον.[13]

Боздоганот освен како ударно се употребувал и како оружје за фрлање. Таканаречената *martzobarbula,* а подоцна и *bardukia* и *matzukia,* биле фрлани од пешадијата врз непријателот од определено растојание, а истите тие можеле да се фрлаат и од коњ. Во византиската војска, најголема употреба боздоганот имал во периодот од X-XII век.[14] За распространетоста на боздоганот во X век, говорат и

[13] Името βαρδούκιον се појавува во *Sylloge Tacticorum*, во *Vita Basilii*, петта книга на *Scriptores post Theophanem*: ( Т.Г.Колиас, *Византийски оръжия, принос към византийското оръжейно изкуство,* во Studia Militaria Balcanica I (2012), 200-203).

[14] Т.Г.Колиас 2012, 208, Т. XXVI; Йотов, В. 2004. *Въоръжението и снаряжението од българското*

императорските хрисовули, од тоа може да се види дека имало корпуси *matzukatoi*, чие главно оружје бил боздоганот, т.н. *matzukion.*[15]

Оттука, поради маркантните димензии на кулата Пирго кои и до денес се забележливи на истоимениот локалитет, за кои тврдиме дека е тврдината Мацукион, можеме да претпоставуваме дека на луѓето во тој период тврдината им наликувала на голем „боздоган". Кулата имала пошироко круниште од основата, како и странични балкони кои надвиснувале, како и кровна конструкција на четири води која ги покривала нив. Највероjатно, според својот изглед, како и според популарноста што ја имал боздоганот како оружје во тој период (X-XII век), тврдината била именувана како Мацукион (Ματζούκιον), а не можеме да го исклучиме и фактот дека овде можеби имало сместено воен корпус од *matzukatoi*.

Во 2023 година од страна на НУ Завод и Музеј Струмица се изготви проект за конзервација на оваа кула (**fig.7,8**). Со реализација на овој проект ќе добиеме уште еден споменик на културата кој ќе биде презентиран пред пошироката јавност, поврзан со историските случувања во овој дел на Македонија, како во времето на доцната антика, така и во времето на Самуиловите војни и средновековието.



**Fig 7. Изработка на проект за конзервација на Пирг кулата - с.мокриево**

*средновековие (VII-XI век)*, Варна, 107-109, T.LIII 644-658.

[15] Т. Г. Колиас 2012, 210.

Градењето на кулата е изведено во градежна техника opus incertum, од кршен камен. Ширината на ѕидовите е различна и таа се движи од 2.85 до 2.95 м. Во внатрешните лица на кулата (источното, западното и јужното), исто така и во надворешните фасади (северна и јужна), видливи се лежишта за греди од сантрач систем. За врзивно средство меѓу камењата во супструкцијата и во јадрото, бил користен варов малтер.



**Fig 8. Изработка на проект за конзервација на Пирг кулата - с.мокриево**

За изготвувањето на овој проект беа направени физичко-хемиски анализи на употребените материјали. Минералошка - петрографска анализа е направена на градежниот камен во лабораторија Амбикон на Универзитетот Гоце Делчев - Штип. Врз основа на анализата можеме да констатираме дека во кулата - Пирг, биле употребен амфиболски габро. Минеролошка анализа на малтерот на кулата - Пирг е направена во истата лабораторија. Од добиените резултати можеме да констатираме дека соодносот на малтерот е 1.2.7.

На Пирг кулата ќе бидат извршени следниве конзерваторски интервенции:

Отстранување на дерутираните површини од лицата на ѕидовите. Со оваа активност треба да се отстрани растреситост градежен материјал од ѕидовите на *одбранбената кула - Пирг*. Доколку се наиде на растресити камења, истите се чистат од варовиот малтер и со продолжен малтер на база на вар се враќаат во првобитната положба.

Отстранување на дерутираните површини од круната на ѕидовите (камен и малтер). Со оваа постапка треба да се отстранат деструктивните камења и дерутираните површини, како и сите фуги од круната на сите ѕидови на кула. По отстранувањето на растреситиот градежен малтер, од лицата и од круната на ѕидовите, ќе се пристапи кон чистење и миење на позициите каде треба да се изврши надѕидување или враќање на претходно извадените деструктивни и дотраени камења и тули.

Консолидирањето, ќе биде изведено во градежна техника opus incertum, без нагласени хоризонтални редови со камен (амфиболски габро) со иста структура и димензија како веќе вградениот. При консолидирањето може да се употреби и нов камен. Како врзиво средство, при консолидацијата ќе биде користен продолжен малтер (бел цемент и гасена вар).

Подот во кулата не е сочуван, освен во траги каде се забележува под од набиена и малку запечена земја. Судејќи според слојот на пепел и гаровина, запечувањето на подот најверојатно настанало како последица на обрушената дрвена меѓукатна конструкција на кулата. Во текот на археолошките истражувања во 2012 година, беше целосно истражен внатрешниот простор на кулата. Во северозападниот внатрешен агол беше поставена контролна сонда. Оваа сонда покажа дека темелот е граден со нафрлање аморфна камена маса во ископот, со цел добро да се фундира кулата. Наде темелната партија се издадени банкини од варов малтер.[16]

Надѕидувањето на ѕидовите ќе биде изведено во градежна техника opus incertum без нагласени хоризонтални редови. При надѕидувањето да биде користен камен (амфиболски габро) во внатрешните и надворешните лица на ѕидовите. За врзиво средство да се користи продолжен малтер (бел цемент, вар и песок). По консолидацијата, замената на дотраените, реставрацијата и надѕидувањето на ѕидовите, ќе се изврши затварање на фугите, со продолжен малтер на (бел цемент и гасена вар) кај сите ѕидови на кулата.

Фугирањето и обработката на круната на ѕидовите ќе биде изведена во продолжен малтер. При фугирањето ќе се води сметка, кај круната на ѕидовите, јадрото во централниот дел на ѕидот да биде неприметно повисок од лицата на ѕидовите, со цел

[16] Рујак, З. 2022, 51.

да се спречи задржувањето и полесно истекување на атмосферската вода. Исто така ќе бидат поставени дрвени греди на констатираните лежишта во лицата на кулата.

Со оглед на неговата се вкупна незадоволителна состојба, како и досегашните недоволни превентивни и заштитни активности, со конзервација на оваа одбранбена кула се надеваме дека ќе успееме да ја сочуваме од понатамошно пропаѓање и оштетувања. По овие активности објектот ќе биде соодветно презентиран пред пошироката јавност. Со тоа ќе добиеме уште еден споменик на културата поврзан со историските случувања во овој дел на Р. Македонија, како во времето на доцната антика, така и во времето на Самоиловите војни и средновековието (**fig.9**).



**Fig 9. Можен изглед на Пирг кулата во с.мокриево (идејно решение)**

Денес, месното население од селото Мокриево, над кое се наоѓа кулата Пирго, благодарение на неговата колективна меморија, цврсто верува дека токму овде се случиле дел од збиднувањата од 29 јули 1014. Селската слава во истоименото село посветена на св. Пантелејмон (прв и втор ден, 9 - 10 август) е сведок за колективната меморија, на тој датум населението воедно го одбележува и поменот на оваа битка. Значењето на овој споменик на културата, денес го потврдуваме и со заземањето на неговото место како дел од хералдичкиот симбол на грбот на Општина Ново Село

**(fig.10).**[17]

Застапеноста на црната боја во општинскиот грб на Ново Село е симбол на трагичноста која произлегува од секоја битка, во овој случај Беласичката битка. Таа ја сублимира саможртвата на загинатите за независно опстојување и претставува потсетник за цената на толку посакуваната слобода. Кулата е силен говоречки симбол кој го отсликува културно-историското наследство на општината и воедно се надоврзува на важноста на местоположбата на истата, како македонски одбрамбен бедем, своевиден штит и авангарда на слободата.



**Fig 10. Грб на Општина Ново Село**

[17] Грб на рурална општина Ново Село, заведен под број 4/2013 ма 31.12.2014 година. Блазон и Емблазон изработен од Коста Стаматовски. / Блазон: *Штит* - Расечен црно и злато, кула, во основата два брановидни ремени, сѐ обратно обоено; *Круна* - Златна палисадна круна и *Венец* - Златно костеново лисје обвиткано со црвена лента.

## EARLY BYZANTINE WATCHTOWER (GUARD) TOWER "PIRGO-KALJ'NATA"

## village MOKRIEVO - STRUMICHKO


### Summary

The archeological excavation at the site "Pirgo-Kalj'nata" which is located southeast of the village of Mokrievo (Strumichko), was carried out for the first time in 2011-2012. The archeological site lies at the foot of Belasica Mountain**.**

It's a question of fortification building - a tower, which, according to the construction method, was built in late antiquity as a frurion, i.e. observatory that secured the road direction Strumica - Ser. Such fortress from the late antique or early Byzantine period, which have laid along important road routes and passages, were partially restored and put into operation in the Middle Ages. We believe that this tower in the village of Mokrievo was used by Samuil and most possible, it is the fortress of Matzukion (Ματζούκιον) mentioned by the chronicler John Skylitzes in the descent of Basil II in 1014.

In 2023, NI Institute for protection of cultural heritage and Museum Strumica designed a project for conservation of this tower. With the realization of this project, we will get another cultural monument that will be presented to the general public, related to the historical events in this part of Macedonia, from the time of late antiquity, Samuel's wars and the Middle Ages.


**Библиографија:**

- *Археолошка карта на Република Македонија II*, Музеј на Македонија-археолошки оддел, Скопје: МАНУ, 1996.
- Бранко Панов, *Средновековна Македонија том 3,* Скопје: Мисла, 1985.
- Душко Цветанов „Средновековната патна мрежа во Струмичко (XI-XIV век)", *Зборник на трудови*, Струмица: НУ Завод и Музеј Струмица, 2014,141-171.
- Душко Цветанов, Средновековните тврдини во Југоисточниот Регион на Република Македонија (XI-XIV.век): функција, значење и временски рамки, Струмица 2022, 240.
- Зоран Рујак, „Системот на одбранбени фортификации во Потбеласичкиот и Струмичкиот регион од времето на Самоиловите војни (X-XI век)", *Самуиловата држава во историската, воено – политичката, духовната и културната традиција на Македонија,* НУ Завод и музеј Струмица, 2015.
- Зоран Рујак, Рановизантиска стражарска кула „Приго - Каљ'ната" Мокриево, *Зборник на трудови 70 години завод и музеј – Струмица* (2022):
- Иван Микулчиќ *Средновековни градови и тврдини во Македонија.* Скопје: МАНУ, 1996.
- Т. Г. Колиас, *Византийски оръжия, принос към византийското оръжейно изкуство,* во Studia Militaria Balcanica I (2012).


**Илустрации:**

**Fig.1.** Средновековни населби и тврдини во Струмичко (според Душко Цветанов).

**Fig.2.** Археолошки истражувања на Пирг куклата - с.Мокриево (2011-2012)

**Fig.3.** Источно лице на Пир кулата во с.Мокриево (фотографија: Зоран Рујак)

**Fig.4.** Внатрешен изглед на Пирг - кулата - с.Мокриево (фотографија: Зоран Рујак)

**Fig.5.** Внатрешен изглед на Пирг – кулата, со лежиштата за греди - с.Мокриево (фотографија: Зоран Рујак)

**Fig.6.** Трајановиот столб (113 година), Римска граница на десниот брег на Дунав, стражари и караули со сигнали за оган.

**Fig.7.** Изработка на проект за конзервација на Пирг кулата - с.Мокриево

**Fig.8.** Изработка на проект за конзервација на Пирг кулата - с.Мокриево

**Fig.9.** Можен изглед на Пирг кулата во с.Мокриево (идејно решение според авторите)

**Fig.10.** Грб на Општина Ново Село